Согласно член 32 од Статутот на Македонското здружение за заштита при работа, Управниот одбор на седница одржана на 10.02.2014 година ја донесе следната:

МАКЕДОНСКО ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЗАШТИТА ПРИ РАБОТА
Бр. 0302/15
10.02 2014 год.
СКОПЈЕ

# ОДЛУКА

За утврдување критериуми и определување на висина на надоместок за ангажирање на предавачи/презентери на настани организирани од Македонско здружение за заштита при работа

1. Македонско здружение за заштита при работа согласно изготвените годишни програми во кои се опфатени теми од областа на бзр, кои ќе им обезбедат стручни совети и техничка помош на сите заинтересирани страни кои работат и делуваат во областа на безбедноста и здравјето при работа, ангажира предавачи/презентери на организирани настани .
2. Предавачите/презентерите ќе бидат избрани според следните критериуми:

- Предавач/презентер за обука/тренинг се ангажира под следните услови:
  - МЗЗПР објавува оглас за повик на предавачи/презентери на соодветна тема за организиран настан
  - Избор на најповолен предавач/презентер се врши врз основа на аплицирање на објавен оглас од страна на МЗЗПР.
  - Избраниот предавач/презентер ја изработува презентацијата на темплејт од организаторот.
  - Потпишување на договор за ангажман со предавачот/презентерот во кој се наведуваат условите за соработка.

3. На предавачот/презентерот за извршената услуга ќе му биде исплатен бруто надомест од страна на Македонско здружение за заштита при работа во следната висина:

- Презентација од **8 часа/480 минути** ( вклучувајќи ги часовите предвидени за пауза на организаторот) бруто износ од **12.000,00** денари. (самостојно еден предавач)
- Презентација од **1 час/60 минути** со присуство 8 часа ( вклучувајќи ги часовите предвидени за пауза на организаторот ) бруто износ од **6.000,00** денари.



Изработил: Славица Јанкова

МАКЕДОНСКО ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЗАШТИТА ПРИ РАБОТА
МАКЕДОНСКИ ILO/CIS КОЛАБОРАТИВЕН ЦЕНТАР

MACEDONIAN OCCUPATIONAL SAFETY AND HEALTH ASSOCIATION
MACEDONIAN ILO/CIS COLLABORATING CENTRE

- Презентација од **1 час/60 минути** со присуство од 4 часа (вклучувајќи ги часовите предвидени за пауза на организаторот) бруто износ од **4.000,00** денари.
- Презентација од **1 час/60 минути**, и напуштање на настан по завршување на презентација, бруто износ од **1.500,00** денари.

**Тркалезна маса/ работен состанок/информативна средба:**

- Учесник во дискусија, презентер, дебатист – присуствува на настан во времетраење од 2 работни часа ( не вклучувајќи ги паузите на организаторот ) под услови на организаторот, но **без надомест** на услуга.

4. Одлуката стапува на сила веднаш.

Скопје,
10.02.2014

МАКЕДОНСКО ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЗАШТИТА ПРИ РАБОТА 1 СКОПЈЕ

Претседател на Управен одбор
Милан Петковски

Доставено до:

- Членови на УО
- Архива на МЗЗПР
- Финансии на МЗЗПР

29 Ноември бр. 50 | П.Фа. 908 | 1000 Скопје, Македонија | Тел/Факс: 389 (0)2 2774 868
E-mail: kontakt@mzzpr.org.mk | Web: www.mzzpr.org.mk

Изработил: Славица Јанкова